утрински Весник
Број 2180 понеделник, 16 октомври 2006



НАСЛОВНА
МАКЕДОНИЈА
НА ПРВО МЕСТО
ПОЛИТИКА
МАКЕДОНИЈА
ЕКОНОМИЈА
ХРОНИКА
КОМЕНТАРИ
КОМЕНТАР
ПИСМА
АНАЛИЗА
МИСЛЕЊА
СВЕТ
КУЛТУРА
СПОРТ
СКОПЈЕ
ОГЛАСИ
НЕКРОЛОГ
ВРЕМЕ
ХОРОСКОП
ШТО ПРАВАТ ДЕНЕСКА
ШАРЕНА СТРАНИЦА



# Особената естетика на македонските филмови

**На скопскиот филмски фестивал премиери на „Самит на шаманите" и на „Судијата"**



„Самит на шаманите" на Александар Станковски и „Судијата" на Жанета Вангели гравитираат меѓу ликовното и филмското

Во рамките на Скопскиот филмски фестивал вчера и денеска своето премиерно прикажување го имаат два македонски филма, „Самит на шаманите" на Александар Станковски и „Судијата" на Жанета Вангели. Станува збор за два по многу нешта специфични филма, кои се работени во подолг период и со еден сосем поинаков пристап и естетика, кои ете своето вистинско место и промоција пред скопската публика го најдоа на Скопскиот фестивал. Иако, мора да нагласиме дека за разлика од „Самит на шаманите" кој е завршен 2005, „Судијата" е филм кој е завршен 2001 и кој беше на многу фестивали, но досега не беше прикажан во киносала во Македонија бидејќи не беше префрелн на филмска лента. Филмовите, како што беше кажано на вчерашната прес-конференција во „Милениум" се можеби слични по времето потрошено на нив, цели пет години, по ниското буџет, процесот на работа и по голем дел исти натуршчици кои се појавуваат во нив, но сосема различни по својата естетика, идеја и структура на приказната.

„Самит на шаманите", како што рече Александар Станковски, е метафора на актуелните случувања, тоа е халуцинација низ времето и просторот, во која се користени многу историски стереотипи. Овој филм започна 2000 со идеја да биде краткометражен, но по долготрајниот процес на постпродукција стана долгометражен филм, кој на свој начин ја рекапитулира светската стварност. Во него се користени анимации и специјални ефекти или како што вели Станковски, ликовни типови на зафати. Филмот, кој е во продукција на Фидан Јаковски, на почетокот имал буџет од 130.000 евра, а во него играат десетина катери и 20 натуршчици.

Снимањето на „Судијата", како што рече еден од неговите продуценти, Евгенија Теодосиевска, започна 1996, а заврши летото 2001. Станува збор за многу необична продукција, нагласи таа, за филм кој има сосем поинаква архитектура на дијалози, за слоевито дело и сосем поинаков начин на работа. Овој филм, како еден особен портрет на ѓаволот односно персонификација на „злото", имаше свој многу успешен пат на филмските фестивали тргнувајќи од премиерата која ја доживеа на 59. Венециски филмски фестивал во програмата „Нови територии". Потоа филмот отиде на уште 30 фестивали, но како што рече Вангели, не на оние на кои очекувале, независни и андерграунд туку на класични, но очигледно поотворени за нов филмски јазик и експериментални дела. Филмот е снимен во македонско-германска копродукција, со буџет од 67.500 евра и во него играат над 90 натуршчици и двајца професионални актери, Кирил Поп Христов и Мирче Доневски. Овој филм и му е посветен на Мирче Доневски, кој почина токму пред една година, нагласувајќи го неговиот незаменлив удел во остварувањето на овој потфат. На прес конференцијата беа присутни и директорот на фотографија Марјан Огненовски, еден од актерите и автор на музиката Влатко Каевски, потоа Вилијам Шаурек, кој работеше на визуелни ефекти, а како почесен гостин и професор Ѓорѓи Константиновски, кој го толкува ангелот во филмот. (С.У.)

Архива
Најнов број
Контакт
Редакција
Маркетинг
Претплата
Archive
Latest Edition
Contact
Editorial
Advertise
Subscription



Печатено Издание

Powered by nextsense webBuilder
Македонска берза
Telekabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
LIVING HERITAGE MACEDONIA www.zivonasledstvo.org.mk
СЕ БУДИТЕ НЕНАСПАНИ?
АЛКАЛОИД а.д.
Сите резултати укажуваат на еден единствен веб-сајт. www.setimes.com
граѓански СВЕТ Информации за
Antenna5.FM